# Прилог V

# ТЕЧЕН И ЦВРСТ ОТПАД

## Содржина

V.1 Договор со индивидуални сопственици на земјоделски површини за преземање на течното ѓубриво 2
V.2 Договор со„Еко-Флор” ДОО од Скопје 3
V.3 Договор со „БУ-БО Металика“ ДООЕЛ од Скопје за преземање на отпад од метал 5
V.4 Договор за преземање на отпадот што се создава при заштита на здравјето на животните помеѓу ветеринарното друштво „Ветеринарна болница” ДОО Скопје 7

**V.1 Договор со индивидуални сопственици на земјоделски површини за преземање на течното ѓубриво**

Друштво за производство, преработка, трговија и услуги
ГРОМАКС-ДАА ДООЕЛ увоз-извоз
Бр 0307 – 005/20
11.10. 2020 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР**

**Склучен помеѓу:**

- Громакс-ДАА ДООЕЛ Скопје, свињарска фарма Орман претставувана од управителот Лилјана Гоцева

- Жителите на месна заедница Орман при општина Ѓорче Петров

**Член 1**

- Громакс-ДАА се обврзува да го издава сепарираното ѓубриво на жителите за да си ѓубрат сопствени земјоделски површини

**Член 2**

Жителите се обврзуваат да потребната количина на ѓубриво да ја најават пет дена пред презимање и потребната количина ,потпишаните жителите да ја наведат земјоделска површина

**Чклен 3**

Овој договор стапува на сила по потпишување од двете страни

**Жители на м.з** **Громакс-ДАА**

1. [illegible] Тодоровски
2. Цветковски Димче
3. Димитријевски Бошко
4. Зоран Тодоровски
5. Александар Петковски
6. Симоновска Мира
7. [illegible] Марија
8. [illegible] Ванчо
9. Лилјана Гоцева
10. Панасковски Игор

Друштво за производство, преработка, трговија и услуги ГРОМАКС-ДАА ДООЕЛ увоз-извоз СКОПЈЕ

**V.2 Договор со„Еко-Флор” ДОО од Скопје - овластен постапувач за управување со пакување и отпад од пакување**

Друштво за производство, преработка, трговија и услуги
ГРОМАКС-ДАА ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0307-006/20
15.10. 2020 год.
СКОПЈЕ

Друштво ...
ЕКО - ФЛОР КОМПАНИ ДОО
Бр. 3-16178-01
15.10. 20 20 год.
СКОПЈЕ

Друштво за производство трговија и услуги
„ЕКО – ФЛОР КОМПАНИ„ ДОО СКОПЈЕ
Број__________
__________201_ г.

**Д О Г О В О Р**
**З А  В Р Ш Е Њ Е  Н А  У С Л У Г И**
**( СОБИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД )**

Склучен на ден 15.10. 2020 година,

**Помеѓу:**

1. „ ЕКО ФЛОР КОМПАНИ“ ДОО со седиште на ул. „Бел Камен“ 5 Скопје СО ЕДБ 4080009506320 број на сметка 240010001961514 ДЕПОНЕНТ УНИ БАНКА СКОПЈЕ , од една страна како ИЗВРШИТЕЛ на услугата ; и
2. „ГРОМАКС-ДАА“ДООЕЛ Скопје на ул.103 бр.9 Волково со ЕМБС 7429290 и ЕДБ4044020517389,од друга страна како КОРИСНИК на услугата

## Предмет на договорот

Член 1

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски на договорните страни за вршење на комунална услуга ( собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од страна на извршителот, за потребите на корисникот на услугите.

Член 2

Извршителот на услугите се обврзува да врши собирање на отпадот во посебно обезбедени контејнери(канти) од 120 литри.

Извршителот, во договор со корисникот ќе го собира комуналниот отпад со соодветно возило за собирање и товарање, од местото што е определено во согласност со примателот корисникот на услугите.

Член 3

Корисникот на услугите се обврзува, комуналниот отпад со исклучок на шут, да го собира во дадените контењери за отпад и да го остава на местото определено од страна на давателот на услугите на договорениот ден.

## Цена услови и рокови на плаќање

Член 4

Договорните странки се согласија надоместокот за извршените услуги да изнесува 525,00 денари со вкучен ДДВ.

Договорениот износ е променлив со зголемувањето на трошоците на услугите,за што давателот на услугата треба да го извести корисникот на услугата најмалку 15 дена однапред.

Член 5

Фактурите за извршената услуга извршителот до примателот на услугите ќе ги доставува во тековниот месец за кој се врши услугата, додека корисникот да ја исплати на жиро сметка на извршителот до 15 - ти наредниот месец за кој е вршена услугата.

## Заеднички одредби

Член 6

Времетраењето на овој договор е од 15.10.2020 до 31.08 .2021 година.

Договорните страни за прашањата кои произлегуваат од овој Договор ќе настојуваат да ги решаваат спогодбено
Во случај кај договорните страни да не постои интерес за продолжување на договорот отказниот рок ќе изнесува 30(триесет)дена.
Во колку договорот не биде раскинат во отказниот рок истиот ќе се смета за продолжен.

## Применлив закон

Член 7

За се што не е предвидено во овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.
Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

Член 8

Овој договор е сотавен во 2 (два) примероци, по 1 (еден) за секоја договорна страна.

**Договорени страни**

| | |
|---|---|
| **Корисник на услугите** | **Давател на услугите** |
| ГРОМАКС-ДАА | |

**V.3 Договор со „БУ-БО Металика“ ДООЕЛ од Скопје за преземање на отпад од метал**

БУ-БО МЕТАЛИКА ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 08/20
28.10 2020 год.
СКОПЈЕ

Друштво за производство, преработка, трговија и услуги
ГРОМАКС-ДАА ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0307-007/20
28.10.2020 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

За деловна соработка склучен помеѓу

БУ-БО МЕТАЛИКА ДООЕЛ со адреса ул. Лука Геров бр.83 Скопје со ЕДБ МК 4044010502600 претставувано од управителот Љубиша Ќуиќ(купувач)

ГРОМАКС-ДАА ДООЕЛ со адреса ул.103 бр.9 Волково Скопје со ЕДБ МК 4044020517389 претставувано од управителот Лилјана Гоцева(продавач)

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е купопродажба на секундарни суровини (отпад)

Член 2

Количеството на секундарните суровини од член 1 ќе се одредуваат вр основа на испораките од страна на продавачот поткрепени на соодветна документација (испратница и фактура)

Член 3

Мерењето на секундарните суровини ќе се врши на званична вага ,а договорените страни ќе го потврдат испорачаното количество со потпис на испратница и фактура,додека квалитетот ќе биде утврден при самото примопредавање од страна на купувачот.

Член 4

Договорената цена на продажба на секундарните суровини се изразува во денари за 1(еден)килограм.Договорените страни ја договараат цената на продажбата на секундарните суровини со взаемна согласност и истата ја потврдуваат со потпишување на фактурата.

Член 5

Плаќањето купувачот го извршува врз основа на испратница и фактура,потпишана од двете договорени страни.Купувачот е должен фактурата да ја плати во рок од 15 дена од денот на добивањето на истата.

Член 6

Продавачот со потпишување на овој договор под морална,материјална и кривична одговорност потврдува дека е сопственик на секундарните суровини

1

како и дека не постојат други законски пречки секундарните суровини да му бидат продадени на купувачот.

Член 7

Продавчот е во целост одговорен за потеклото на секундарните суровини кои му ги продава на купувачот.

Член 8

Во случј на спор договорените страни ќе се обидат да ги разрешат недоразбирањата по пат на преговори,во спротивно надлежен е Основниот суд Скопје.

Член 9

Договорот е склучен на определено време,со рок на важност од една година( во два примерока по еден за секоја од договорените страни).

Договорот стапува на сила на денот на потпишувањето.

| | |
|---|---|
| БУ-БО МЕТАЛИКА ДООЕЛ Скопје | ГРОМАКС-ДАА ДООЕЛ Скопје |
| Купувач | Продавач |

2

**V.4 Договор за преземање на отпадот што се создава при заштита на здравјето на животните помеѓу ветеринарното друштво „Ветеринарна болница” ДОО Скопје**

Друштво за ветеринарна дејност, промет и услуги
ВЕТ... ЦА ДОО
3-92-4124
10.06.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 41-а од Законот за ветеринарното здравство, се склучува

Д О Г О В О Р

На ден 10.06. 2020 година помеѓу :

1. Громакс-ДАА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со адреса с. Орман индустриски бр. 1221 парцела 1221, ЕМБГ/ЕДБ 4044020517389 и РБО 126603240 застапувана од ______________ како **НАРАЧАТЕЛ** и

2. Ветеринарното друштво **Ветеринарна болница ДОО Скопје** како **ИЗВРШИТЕЛ**

I. **Предмет на договорот**

**Член 1**

(1) Предмет на овој Договор е вршење на активности од јавен интерес согласно Законот за ветеринарното здравство, Законот за идентификација и регистрација на животните, Годишната наредба за здравствена заштита на животните, како и други обврски кои произлегуваат при спроведување на мерките за превенција и сузбивање на заразни болести кои ќе бидат наредени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

(2) Предмет на овој договор не се ветеринарни активности кои согласно Законот за ветеринарно здравство не претставуваат активности од јавен интерес.

(3) Дел од средствата за реализација на активностите од став (1) на овој член се обезбедени од Буџетот на Република Македонија согласно Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за тековната година, додека останатите средства се на товар на Нарачателот. Висината на средствата која Извршителот ја наплаќа од Нарачателот е исклучиво во согласност со Одлуката на Владата на Република Македонија за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните и Одлуката на Владата на Република Македонија за висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли.

1

## II. Права и обврски на договорните страни

**Член 2**

Права и обврски на Извршителот

(1) Извршителот се обврзува за времетраење на овој договор да ги спроведува активностите од член 1 целосно, навремено, ефикасно, квалитетно и во согласност со пропишаните рокови согласно позитивните законски и подзаконски прописи.

(2) Извршителот не смее да одбие или непотребно да одложува извршување на активности кои се предмет на овој договор.

(3) Доколку Извршителот не е во можност континуирано и без прекин да ги извршува активностите кои се предмет на овој Договор или по негова вина Нарачателот претрпи одредени штети, Извршителот треба да ја надомести штетата за неизвршување или нецелосно извршување на договорените активности.

(4) Во случај Нарачателот да одбие или непотребно да одложува извршување на некоја активност или ненавремено да пријави промени, Извршителот го известува надлежниот официјалниот ветеринар. За настанатите штети Извршителот не сноси одговорност.

**Член 3**

Права и обврски на Нарачателот

(1) Нарачателот не смее да одбие или непотребно да одложува извршување на активностите кои се предмет на овој договор.

(2) Нарачателот е должен навремено да го известува Извршителот за настанатите промени заради запазување на роковите за спроведување на активностите од член 1 на овој договор.

(3) За време траење на овој договор, Нарачателот е должен да овозможи непречен пристап до одгледувалиштето, животните и документацијата и да пружи потребна помош за време на спроведувањето на активностите кои се предмет на овој договор.

(4) Нарачателот е должен да ги подмири сите настанати трошоци за извршените услуги од страна на Извршителот кои произлегуваат од овој договор согласно Одлуката на Владата на Република Македонија за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните и Одлуката на Владата на Република Македонија за висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли во рок од _____ дена од денот на извршувањето на активноста.

(5) Непостапувањето по ставовите (1), (2), (3) или (4) од овој член кои ќе влијаат на непреченото спроведување на активностите од член 1 на овој договор ќе се смета за попречување на навремено извршување на обврските на Извршителот од овој договор, за што истиот нема да сноси одговорност за евентуално настанатата штета.

(6) Нарачателот не може да го раскине Договорот доколку ги нема подмирено сите обврски кои произлегуваат од овој договор. По подмирувањето на обврските Извршителот на барање на Нарачателот издава потврда.

## III. Завршни одредби

Член 4

(1) За работите кои што не се предвидени со овој договор важат одредбите од Законот за облигационите односи.

(2) Раскинувањето на овој договор се врши согласно Законот за ветеринарно здравство.

Член 5

(1) Договорните страни ќе настојуваат евентуалните спорови што ќе произлезат од извршувањето на овој договор да ги решаваат спогодбено.

(2) Доколку не се постигне спогодбено решавање на евентуалните спорови, ќе решава Основниот суд Скопје.

Член 6

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 7

Овој договор е составен во 2 (два) еднакви примероци по еден за секоја договорна страна.

| ИЗВРШИТЕЛ | НАРАЧАТЕЛ |
|---|---|
| ______________________ | ______________________ |
| Управител, | Одгледувач/Управител |
| ______________________ | ______________________ |

Д-р Јасмина Г. Серафимовска
9246

ВЕТЕРИНАРНА БОЛНИЦА ДОО СКОПЈЕ